# Помош за работници кои неодамна ја изгубиле нивната работа во индустријата за производство на текстил, облека и обувки

Ако сте ја изгубиле работата како технолошки вишок од компанија во индустријата за производство на текстил, облека и обувки, можете да добиете интензивна помош за да најдете нова работа ако компанијата исполнува услови за тоа. Овој пакет на помош се вика Textile, Clothing and Footwear Structural Adjustment Program (Програма за структурално прилагодување во индустријата за производство на текстил, облека и обувки).

За да можете веднаш да користите интензивни услуги за вработување, ќе треба да се пријавите во локалната служба-членка на Job Services Australia што вие ќа ја изберете.

Вашата служба-членка на Job Services Australia ќе ве упати во Centrelink за да добиете информации и да се пријавите за да добивате социјална помош.

## Како да се пријавите

### 1. Изберете служба-членка на Job Services Australia која се наоѓа во ваша близина

За да ја најдете најблиската служба-членка на Job Services Australia, телефонирајте на **13 17 64** или посетете ги Интернет страниците **deewr.gov.au/jobservicesaustralia**.

### 2. Закажете средба во службата-членка на Job Services Australia

Службата-членка на Job Services Australia детално ќе ги оцени околностите во кои се наоѓате и ќе ви понуди интензивна поддршка. Ова вклучува заедничко работење со вас за да се подготви Employment Pathway Plan специјално наменет да ви помогне да најдете друга работа колку што е можно побрзо.

### 3. Пријавете се директно во службата-членка на Job Services Australia за услуги од трет степен (Stream 3)

За да може службата-членка на Job Services Australia точно да ве пријави да добивате услуги од трет степен, треба да се осигурате да го понесете со вас писмото или други докази дека сте биле отпуштени од работа како технолошки вишок. Службата-членка на Job Services Australia ќе провери дали исполнувате услови[1]. Ако сакате да ја добивате оваа помош, мора да се пријавите во служба-членка на Job Services Australia во рок од 6 месеци од датумот кога ве отпуштиле од работа како технолошки вишок.

## Преведувачки услуги

Ако ви треба помош околу јазикот, тогаш телефонирајте на Информативната линија за клиенти на Job Services Australia на **1800 805 260** и тие ќе ви најдат преведувач.

Преведени брошури можете да најдете на Интернет страниците: **deewr.gov.au/Employment/JSA/Resources/Pages/translatedbrochures.aspx**

## Помош за работниците во индустријата за производство на текстил, облека и обувки

Службите-членки на Job Services Australia

- ќе ви помогнат околу вашата кратка биографија, молбите за вработување и способности за разговор за вработување
- ќе ве информираат за нови можности за вработување во вашата област кои се соодветни за вас
- ќе ве советуваат кои се најдобрите начини за барање на работа
- ќе ве информираат за тоа како можете да се обучувате (на пример, преку Productivity Places Program која ја финансира сојузната влада
- Ќе ви помогнат да имате пристап до различни курсеви за стручно и нестручно оспособување. Тие исто така можеби ќе можат да ви помогнат околу плаќањето за стажирање, курсеви за обука и учебници
- Ќе ви помогнат да стекнете дозволи, свидетелства и други квалификации
- Ќе ви помогнат да ги користите JobSearch website и помагалата за барање на работа.
- Ќе ви помогнат да се справите со било какви работи кои можеби ви го отежнуваат барањето или зачувувањето на работа. Во соодветни случаи, ова може да вклучува пристап до советување или други стручни служби.

[1] Службата-членка на Job Services Australia ќе ја провери компанијата од која сте биле отпуштени како технолошки вишок и ако таа не е сигурна како да ве пријави, може да телефонира на LAP информативната линија на **1300 663 946**



3FS09446JSA

## Employment Pathway Plan

Вашата служба-членка на Job Services Australia редовно ќе се среќава со вас со цел да ви помогне да подготвите Employment Pathway Plan кој ќе биде специјално наменет за вас.

Попрецизно, вашиот Employment Pathway Plan, може да ви помогне со следните работи:

- Заведување на вашето претходно работно искуство, способности и образование
- Обрнување внимание на работа која тековно може да се најде во вашата локална област, вклучувајќи ги способностите и образованието што ги имате за да ја изведувате оваа работа
- Разговори за видовите на работа што би сакале да ја изведувате и заведување на истите
- Заведување на мерките кои треба да ги преземете на вашиот пат кон ново вработување, вклучувајќи било каква стручна и нестручна помош.

## Employment Pathway Fund

Вашата служба-членка на Job Services Australia исто така може да користи средства од Employment Pathway Fund за да плати за помош и услуги што ќе ви помогнат да се вработите.

За работниците во индустријата за производство на текстил, облека и обувки (TCF-работници) кои исполнуваат услови, овој фонд вклучува кредит во износ од 1,350 долари кој службите-членки на Job Services Australia можат да го користат за услуги кои ќе ви помогнат да најдете работа и да ја зачувате. Службите-членки на Job Services Australia ќе ви понудат помош која одговара на вашите поединечни потреби.

**Не постои минимален или максимален износ што може да се потроши за да ви се помогне да најдете друга работа. Износот што вашата служба-членка на Job Services Australia ќе го потроши за вас треба да ги одразува вашите поединечни потреби дури и ако тие го надминуваат износот од 1,350 долари од TCF SAP кредитот.**

Средствата од Employment Pathway Fund може да се користат за:

- курсеви за обучување
- трошоци за превоз за краток период
- трошоци за преселување при започнување на вработувањето
- користење на преведувач ако тоа ви е потребно
- возачка дозвола и часови за возење
- личен изглед, пакети за одржување на хигиена и основно потстрижување на коса
- работна облека, униформи и безбедносна опрема
- дотирање на плата и пробна работа
- услуги/материјали кои се потребни да се организираат активности за стекнување на работно искуство, вклучувајќи групни активности
- користење на телефон при барање на работа
- трошоци за услуги на лица кои немаат пристап до нив
- неопходни алати за работа, билети за превоз и дозволи
- обука и помош за самовработување
- заболекарски и оптички услуги
- проверки кои се вршат пред да се вработите (вклучувајќи проверки во полиција за активности за стекнување на работно искуство)
- поправки или регистрирање на моторни возила
- поддршка во врска со менталното здравје, советување, рехабилитација (вклучувајќи рехабилитација од дрога и алкохол), курсеви за личен развој и самопочитување, посредување во семејни расправии, советување во врска со финансии, курсеви за контролирање на лутина, што се нудат во организациите за вработување или се плаќаат кај надворешни организации
- поддршка и упатување откако ќе се вработите

За тоа кои можности се најдобри за вас, треба да разговарате со службата-членка на Job Services Australia.

## Productivity Places Program

Вие може исто така да бидете во состојба да одите на обука за работа во различни стопански гранки и професии каде што постојат можности за вработување.

Пристап до Structural Adjustment Places во рамките на Productivity Places Program е посебно наменет за групи на работници кои биле отпуштени од работа како технолошки вишок и кој се одобрува врз основа на поединечни случаи. Ако вашиот работодавец не е сигурен дали има слободни Structural Adjustment Places, тој може да го контактира Department of Education, Employment and Workplace Relations (Оддел за образование, вработување и работни односи) на **13 38 73** или преку електронска пошта на **productivityplaces@deewr.gov.au**

После 1ви јули 2010 г., можеби ќе треба да разговарате со службата-членка на Job Services Australia за пристап до друг вид обука. За повеќе информации, можете да ја контактирате вашата служба-членка на Job Services Australia или да ги посетите Интернет страниците **productivityplaces.deewer.gov.au**

## Language Literacy and Numeracy Program (Програма на курсеви по англиски јазик, читање, пишување и математика)

Language Literacy and Numeracy Program (Програма на курсеви по англиски јазик, читање, пишување и математика) им нуди обука на клиентите кои исполнуваат услови за тоа.

Centrelink и Job Services Australia може да ве упатат во служба која ја нуди Language Literacy and Numeracy Program (Програма на курсеви по англиски јазик, читање, пишување и математика).

Ако имате право на овие услуги, Програмата ќе ви помогне да ги подобрите вашето читање, пишување и способности по математика со надеж дека подобрувањето во овие области ќе ви помогне поефикасно да се вклучите во обука или да се вработите. Курсевите може да се посетуваат вонредно (најмалку 10 часа и најмногу 19 часа неделно) или редовно (најмалку 20 часа неделно).

За повеќе информации, контактирајте ја службата-членка на Job Services Australia или посетете ги Интернет страниците **deewr.gov.au/LLNP**

## Adult Migrant English Program (Програма на курсеви по англиски јазик за возрасни доселеници)

Adult Migrant English Program (Програма на курсеви по англиски јазик за возрасни доселеници) нуди основно подучување на англискиот јазик со цел да им се помогне на возрасните доселеници и бегалци кои имаат право да ги посетуваат курсевите успешно да се привикнат на животот во Австралија. Посетителите на курсевите исто така може да стекнат нови пријатели и да научат повеќе за Австралија, луѓето и обичаите.

Adult Migrant English Program (Програма на курсеви по англиски јазик за возрасни доселеници) ја спроведува Department of Immigration and Citizenship (Оддел за доселување и државјанство). За повеќе информации и да дознаете дали имате право да ја користите оваа помош, телефонирајте во Department of Immigration and Citizenship (Оддел за доселување и државјанство) на **13 18 81** или посетете ги Интернет страниците **immi.gov.au/amep**

## Онеспособени лица и лица со ментални здравствени проблеми кои бараат работа

Ако сте онеспособено лице или имате некакви ментални проблеми и имате потреба од посебна поддршка на работа, можеби имате право да ги користите Disability Employment Services. Disability Employment Services може да ви помогнат да добивате поддршка од специјалисти и да ви нуди постојана поддршка за да ви помогне да најдете работа и да ја зачувате. Вашата служба-членка на Job Services Australia може да разговара со вас дали имате право на овие услуги и ако е потребно, да ви помогне да се оцени вашето право на услугите.

За повеќе информации како може да ви помогнат Disability Employment Services или за да ја најдете локалната служба, телефонирајте му на JobAccess Adviser на **1800 464 800** или посетете ги Интернет страниците **jobaccess.gov.au.**

## Special Child Care Benefit (Посебен додаток за дневен престој на деца)

Ако, како последица на тоа што сте ја изгубиле вашата работа, имате тешкотии да ги плаќате трошоците за престој на вашето дете во центар за дневен престој, можеби имате право да добивате Special Child Care Benefit.  За повеќе информации, телефонирајте во Family Assistance Office (Служба за помош на семејства) на **13 61 50**.

## Помош како да раководите со вашите финансии

Centrelink нуди бесплатни и непристрасни финансиски совети во врска со исплатата што сте ја добиле како технолошки вишок и помошта што можете да ја добивате од државата.

Правото на социјална помош ќе зависи од вашата лична ситуација, вклучувајќи ги вашиот приход и имот. Ако имате право да добивате социјална помош, можеби не ќе можете да ја добивате за одреден период, во зависност од исплатите што сте ги добиле за одмор или како технолошки вишок.

За информации, телефонирајте во Centrelink на **13 24 90** или посетете ги Интернет страниците **centrelink.gov.au**.

# За повеќе информации

Телефонирајте на **13 17 64** или посетете ги Интернет страниците **deewr.gov.au/jobservicesaustralia.**

Телефонирајте во Centrelink на **13 28 50** или посетете ги Интернет страниците **centrelink.gov.au.**

За совети како да се соочите со фактот дека сте отпуштени од работа како технолошки вишок, посетете ги Интернет страниците на Beyond Blue на **beyondblue.org.au.**

## Вашето право на доверливо чување на вашите лични податоци

Вашите лични податоци се заштитени со *Privacy Act 1988 (Закон за доверливо чување на лични податоци од 1988 г.)* и податоците кои се чуваат за вас може исто така да бидат заштитени со *Social Security (Administration) Act 1999 (Закон за социјална грижа (спроведување) од 1999 г.)* (на пример, ако примате социјална помош). Вашите податоци може да ги користат службите-членки на Job Services Australia, Department of Education, Employment and Workplace Relations (DEEWR)-одделот, Centrelink и други оддели и агенции на австралиската влада,  за да им се помогне на организациите да ви ги понудат најсоодветните услуги кои ги задоволуваат вашите потреби.

За повеќе информации во врска со доверливото чување на вашите лични податоци обратете се кај вашата служба-членка на Job Services Australia, DEEWR-одделот или посетете ги Интернет страниците **privacy.gov.au.**

# Нашата гаранција за услугите што ви ги нудиме

## Гарација за услуги

Вие ќе добивате тековни услуги за вработување кои се прилагодени на вашите лични потреби од служба-членка на Job Services Australia. Овие услуги ќе ги добивате на начин со кој се покажува полно разбирање за вашите околности и потекло. За да ги разгледате сите Гаранции за услуги, посетете ги Интернет страниците **deewr.gov.au/jobservicesaustralia.**

## Правилник за работа

Службите-членки на Job Services Australia работат на договор да пружаат услуги за вработување кои ги финансира австралиската влада и тие се обврзуваат да го почитуваат Employment Services Code of Practice (Правилник за работа на служби за вработување). За да го разгледате Code of Practice (Правилник за работа), посетете ги Интернет страниците **deewr.gov.au/jobservicesaustralia.**